Република Македонија
**Министерство за финансии**

Бр. 13-

Скопје __.__.2015 година
Република Македонија
Министерство за финансии
Ул. Даме Груев бр.12
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 3255 370
Е-пошта: ivan.nedev@finance.gov.mk
Веб страна: finance.gov.mk

До:

Предмет: Покана за семинар

Почитувани,

Во рамките на соработката во областа на банкарството меѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, Ве известуваме дека од 30 септември до 02 октомври 2015 година во Скопје ќе се одржи три дневен семинар на тема "Towards Basel III".

Семинарот е во организација на АТТФ – Агенција за трансфер на финансиска технологија од Луксембург, а ќе се одржи во Клубот на пратеници во Скопје од 9:00 до 17:00 часот.

Основната цел на семинарот е да обезбеди преглед на развојот на регулаторната рамка за ризик кај банките и тоа од Базел I, преку Базел II до Базел III. Во фокусот на семинарот е учесниците да ја разберат потребата за поголем капитал и ликвидност како и да научат како се пресметуваат новите стапки. Семинарот е комбинација на теоретски предавања и практични вежби/студии на случај. Истиот е високо интерактивен врз основа на постојана размена на ставови и мислења.

Целна група се вработени во комерцијални банки и Народната банка на Република Македонија, како и од останати финансиски институции и супервизорски тела кои сметаат дека би имале корист од оваа обука. Од учесниците се бара да имаат одлично познавање на англиски јазик. Учеството не предвидува плаќање на котизација.

Поканата за семинарот, програмата и апликацијата за учество ќе ги најдете на интернет страницата на Министерството за финансии (www.finance.gov.mk), секција Финансиски систем, во делот на Семинари и обуки (http://finance.gov.mk/node/665).

Ве молиме да номинирате најмногу два претставника од Вашата институција согласно целната група. Апликациите се доставуваат најдоцна до 07 септември (понеделник) 2015 година на долунаведените e-mail адреси.

За сите дополнителни информации, Ве молиме контактирајте ги долунаведените лица. Благодариме на соработката.

Со почит,

Ленче Тагасовска
Раководител на сектор

Контакт лица: Иван Недев тел: 3255-370, E-mail: ivan.nedev@finance.gov.mk
Ивана Јовиќ тел: 3255-765, E-mail: ivana.jovic@finance.gov.mk